## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Стратешката определба на Република Македонија за постигнување на полноправно членство во Европската унија во себе ја имплицира потребата од континуирана хармонизација на националното законодавство со меѓународните стандарди и правила, со цел хармонизирање на домашното законодавство со новопоставените меѓународни стандарди и правила во областа на азил.

Во легислативата на Република Македонија уставно прокламираното право на азил, што Републиката го гарантира на странците и на лицата без државјанство, прогонети заради демократско политичко уверување и дејствување (член 29 став 2 од Уставот), уредено е со Законот за азил и привремена заштита (,,Службен весник на Република Македонија“ број 49/03, 66/07 и 142/08).

Интегрирањето во Европската унија преставува јасно и недвосмислено изразен стратешки интерес и приоритетна цел на Република Македонија, се до нејзиното полноправно членство во Европската унија. Едно од основните барања за интеграција на Република Македонија во Европската унија е усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија.

Во тој контекст се наметна потребата од доусогласување на Законот за азил и привремена заштита со Директивата на Советот 2003/9/ЕК од 27.01.2003 година за утврдување минимум стандарди за прифаќање баратели на азил, Директивата на Советот 2004/83/ЕК од 29.04.2004 година за минималните стандарди за квалификувањето и статусот на државјаните на трети земји или лица без државјанство, како бегалци или лица на кои им е потребен поинаков облик на меѓународна заштита, како и усогласување со Директивата на Советот 2005/85/ЕК од 1.12.2005 година за минимум стандардите за постапките во земјите членки за доделување и одземање на статус на бегалец.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Основната заложба за изготвување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, е усогласување на

македонското законодавство со европските стандарди и правила во областа на азилот и привремената заштита, преточени во Директивата на Советот 2003/9/ЕК од 27.01.2003 година за утврдување минимум стандарди за прифаќање баратели на азил, Директивата на Советот 2004/83/ЕК од 29.04.2004 година за минималните стандарди за квалификувањето и статусот на државјаните на трети земји или лица без државјанство, како бегалци или лица на кои им е потребен поинаков облик на меѓународна заштита, како и усогласување со Директивата на Советот 2005/85/ЕК од 1.12.2005 година за минимум стандардите за постапките во земјите членки за доделување и одземање на статус на бегалец.

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, ќе содржи решенија што се однесуваат на дефинирање на категоријата признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита sur place односно ткн. затекнати бегалци, допрецизирање на категоријата „прва земја на азил“, проширување на правата на малолетни лица во релација со приниципот „најдобар интерес на детето“, дефинирање на категоријата малолетни лица без придружба, утврдување на права за ранливи лица со посебни потреби, како и се врши усогласување со новиот Закон за социјална заштита („Службен весник на РМ“ број: 79/09).

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Со предлогот на Закон за изменување и дополнувањата на Законот за азил и привремена заштита ќе се изврши дефинирање на категоријата признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита sur place односно ткн. затекнати бегалци, допрецизирање на категоријата „прва земја на азил“, нормирање на правата на малолетни лица во релација со приниципот „најдобар интерес на детето“, утврдување на права за ранливи лица со посебни потреби, допрецизирање на можноста да барателот на азил барањето го поднесе писмено или усно на јазик на земјата на потекло, на некој од пошироко прифатените странски јазици или на јазик на кој може разумно да се претпостави дека го разбира, како и се пропишува обврска да Одделението за азил во Министерството за внатрешни работи ќе ги извести усно или во писмена форма барателите на право на азил на јазик за кој може разумно да се претпостави дека го разбираат и во рок не подолг од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање право на азил, за: начинот на спроведување на постапката за признавање право на азил, за правата и обврските на барателите на азил во таа постапка, и во врска со условите за прифаќање, правото на правна помош, како и правото да контактираат со лица кои даваат правна помош, претставници на Високиот комесаријат за бегалци и

невладини хуманитарини хуманитарни организации, во сите фази од постапката, и каде и да се наоѓаат барателите на право на азил, како и се врши усогласување со новиот Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09).

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, содржи решенија што се однесуваат на дефинирање на категоријата признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита sur place односно ткн. затекнати бегалци, допрецизирање на категоријата „прва земја на азил“, проширување на правата на малолетни лица во релација со приниципот „најдобар интерес на детето“, дефинирање на категоријата малолетни лица без придружба, утврдување на права за ранливи лица со посебни потреби, како и се врши усогласување со новиот Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09).

**Предложено решение (опција):**

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. **<u>НЕ</u>**
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **<u>НЕ</u>**
- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **<u>НЕ</u>**
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. **<u>НЕ</u>**
- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. **<u>НЕ</u>**

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

/

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита ќе се прошират на правата на малолетни лица во релација со приниципот „најдобар интерес на детето“, ќе се дефинира категоријата малолетни лица без придружба, како и ќе се утврдат правата за ранливи лица со посебни потреби, што означува придобивка на сите наведени категории на лица.

3. **Ризици и претпоставки**

/

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА / **<u>НЕ</u>** | ДА / **<u>НЕ</u>** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / **<u>НЕ</u>** | ДА / **<u>НЕ</u>** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | ДА / **<u>НЕ</u>** | ДА / **<u>НЕ</u>** |
| Влијание врз животната средина | ДА / **<u>НЕ</u>** | ДА / **<u>НЕ</u>** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / **<u>НЕ</u>** | ДА / **<u>НЕ</u>** |
| Влијание врз правата на граѓаните | <u>ДА</u> / **НЕ** | ДА / **<u>НЕ</u>** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / **<u>НЕ</u>** | ДА / **<u>НЕ</u>** |

**Чекор 3: Консултации**

Од почетокот на 2009 година отпочнаа активностите на Работна група која изврши анализа на европското законодавство и негово усогласување со Законот за азил и привремена заштита. Во групата партиципираат учесници од Министерството за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика и УНХЦР, канцеларија Скопје. Во работата на Работната група, а во рамките на TAIEX програмата беа вклучени и 2 (двајца) експерти од земјите членки на ЕУ, кои

констатираа дека во најголем дел предметниот Закон е во корелација со ЕУ acquis, но посочија одредени празнини со цел доусогласување со европското законодавство од оваа област. Донесувањето на измени и дополнувања на Законот за азил и привремена заштита, е во насока на усогласување на одредбите од законот со Директивата на Советот 2003/9/ЕК од 27.01.2003 година за утврдување минимум стандарди за прифаќање баратели на азил, Директивата на Советот 2005/85/ЕЗ на Советот од 1 декември 2005 година, за минималните стандарди што се применуваат во земјите-членки во постапката за доделување и одземање на статусот бегалец, како и доусогласување со Директивата на Советот 2004/83/ЕЗ од 29 април 2004 година за минималните стандарди за квалификувањето и за статусот на државјани на трети земји или на лица без државјанство, како бегалци или лица на кои од други причини им е потребна меѓународна заштита и за содржината на одобрената заштита.

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Согласно член 29 став 2 од Уставот на Република Македонија, Републиката им гарантира право на азил на странците и на лицата без државјанство, прогонети заради демократско политичко уверување и дејствување. Ваквото уставно загарантирано право на азил, во легислативата во Република Македонија е уредно со Законот за азил и привремена заштита, со кој се уредуваат условите и постапката за добивање и престанок на право на азил на странец или лице без државјанство, кој бара признавање право на азил во Република Македонија, како и правата и должностите на барателите и лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија. Со овој закон се уредуваат и условите според кои Република Македонија може да даде и привремена заштита, како и правата и должностите на лицата под привремена заштита.

Определбата за постигнување на полноправно членство во Европската унија, како базична премиса на демократскиот развој на Република Македонија и стратешка определба, имплицира потреба од усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија.

Со предлогот на Закон за изменување и дополнувањата на Законот за азил и привремена заштита ќе се изврши дефинирање на категоријата признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита sur place односно ткн. затекнати бегалци, допрецизирање на категоријата „прва земја на азил“, нормирање на правата на

малолетни лица во релација со приниципот „најдобар интерес на детето“, утврдување на права за ранливи лица со посебни потреби, допрецизирање на можноста да барателот на азил барањето го поднесе писмено или усно на јазик на земјата на потекло, на некој од пошироко прифатените странски јазици или на јазик на кој може разумно да се претпостави дека го разбира, како и се пропишува обврска да Одделението за азил во Министерството за внатрешни работи ќе ги извести усно или во писмена форма барателите на право на азил на јазик за кој може разумно да се претпостави дека го разбираат и во рок не подолг од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање право на азил, за: начинот на спроведување на постапката за признавање право на азил, за правата и обврските на барателите на азил во таа постапка, и во врска со условите за прифаќање, правото на правна помош, како и правото да контактираат со лица кои даваат правна помош, претставници на Високиот комесаријат за бегалци и невладини хуманитарини хуманитарни организации, во сите фази од постапката, и каде и да се наоѓаат барателите на право на азил, како и се врши усогласување со новиот Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09).

Во контекст на наведеното со предложените измени ќе се изврши доусогласување на Законот за азил и привремена заштита со Директивата на Советот 2003/9/ЕК од 27.01.2003 година за утврдување минимум стандарди за прифаќање баратели на азил, Директивата на Советот 2005/85/ЕЗ на Советот од 1 декември 2005 година, за минималните стандарди што се применуваат во земјите-членки во постапката за доделување и одземање на статусот бегалец, како и доусогласување со Директивата на Советот 2004/83/ЕЗ од 29 април 2004 година за минималните стандарди за квалификувањето и за статусот на државјани на трети земји или на лица без државјанство, како бегалци или лица на кои од други причини им е потребна меѓународна заштита и за содржината на одобрената заштита, како и се врши усогласување со новиот Закон за социјална заштита („Службен весник на РМ“ број:79/09).

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

1. Виолета Андоновска – државен секретар во Министерството за внатрешни работи;
2. Весна Доревска, помошник министер во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси;

3. Снежана Петровиќ-Арсовска, началник на Одделение за нормативно-правни работи во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси;
4. Тања Левајковиќ, началник на Одделение за буџет, контрола и платен промет во Сектор за финансиски, материјално-технички и логистички работи;
5. Живко Коцев, началник на Одделение за азил во Оддел за граѓански работи во Централни полициски служби;
6. Ана Поп-Ташева - виш советник за усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија во Одделение за нормативно-правни во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси и
7. Дејан Ивковски - началник на одделение во Министерството за труд и социјална политика.

8. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

1. Виолета Андоновска – државен секретар во Министерството за внатрешни работи
2. Весна Доревска – помошник министер во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 | | Има / **Нема влијание** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| | | **Има /** Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз животната средина. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз социјалната положба на граѓаните. |
| | | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>година.<br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници: Канцеларија на УНХЦР Скопје<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | **ДА** / НЕ |
| | | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА/НЕ |
| | | Предлог законот е лекториран. | ДА/**НЕ** |
| 10. | | Спроведени се меѓуресорски консултации. | **ДА**/НЕ |
| 11. | | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА/**НЕ** |
| 12. | | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | ДА/**НЕ** |

**Изјава од министерот**

Јас, м-р Гордана Јанкулоска, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
........................................................................... Датум: